Одговор:

Во врска со побараните податоци за вкупен број на информации/документи кои во 2022 година се изработени и се означени со некој степен на класификација на ниво на цело министерство Ве известуваме за следното:

Согласно член 13 од Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации, класифицираните документи се евидентираат во посебен деловодник издвоен од останатите некласифицирани документи, односно документите со степен на класификација државна тајна и строго доверливо во еден деловодник, а документите со степен доверливо и интерно во друг.

Секторот К-4, Одделение за менаџмент со документи согласно евиденцијата во тек на 2022 година има евидентирано основни броеви:

- Со степен на класификација за ограничена употреба има 271 основни броеви;
- Со степен на класификација интерно и доверливо има 545 основни броеви;
- Со степен на класификација за строго доверливо и државна тајна се 62 основни броеви.

Истовремено посочуваме дека горенаведените податоци претставуваат број на основни акти (основни броеви) што би ја дала вистинската слика за тоа за колку предмети е користена класификација, а не и за тоа колку сè преписки има за еден предмет, што може да ја мултиплицира бројката неколкупати.